# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 117** **10 јуни 2019, понеделник** **година LXXV**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1606. | **Исправка** од Претседателот на Република Северна Македонија............ | 2 |
| 1607. | **Правилник** за изменување на Правилникот за видот и начинот на жигосување, видот на шумскиот жиг за жигосување за исечено дрво и дрвни сортименти, начинот на издавање на испратница, пуштање во промет на исечено дрво, формата и содржината на регистарот на издадени и заверени испратници, формата и содржината на испратниците, формата и содржината на барањето за издавање на испратница и висината на надоместокот за издадени испратници......................... | 2 |
| 1608. | **Правилник** за изменување на Правилникот за трговија со материјал за вегетативно размножување на виновата лоза...................................... | 5 |
| 1609. | **Решение** за изменување на Решението за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на Њукастелска болест во Република Македонија по потекло од Соединетите Американски Држави.......... | 5 |
| 1610. | **Одлука** за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт..... | 5 |
| 1611. | **Одлука** за престанок на Лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со природен гас........................... | 7 |
| 1612. | **Одлука** за престанок на Лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија................ | 7 |
| 1613. | **Објава** за движењето на индексот на цените на мало во Република Северна Македонија за месец мај 2019 година.................................................. | 7 |
| | **Огласен дел**........................................ | 1-72 |

# ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1606.**

**И С П Р А В К А**

Во Указот бр.1 од 3.6.2019 година од Претседателот на Република Северна Македонија, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.112 од 3.6.2019 година, се врши исправка која се однесува на чинот и наместо: „полковник“ треба да стои: „бригаден генерал“.

Бр. 08-178/4
7 јуни 2019 година
Скопје

Генерален секретар
на Претседателот на Република
Северна Македонија,
**Миле Бошњаковски,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**1607.**

Врз основа на член 69 став (13) од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија” бр.64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16 и 39/16), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВИДОТ И НАЧИНОТ НА ЖИГОСУВАЊЕ, ВИДОТ НА ШУМСКИОТ ЖИГ ЗА ЖИГОСУВАЊЕ ЗА ИСЕЧЕНО ДРВО И ДРВНИ СОРТИМЕНТИ, НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ НА ИСПРАТНИЦА, ПУШТАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА ИСЕЧЕНО ДРВО, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА РЕГИСТАРОТ НА ИЗДАДЕНИ И ЗАВЕРЕНИ ИСПРАТНИЦИ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ИСПРАТНИЦИТЕ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ИСПРАТНИЦА И ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ИЗДАДЕНИ ИСПРАТНИЦИ**

Член 1

Во Правилникот за видот и начинот на жигосување, видот на шумскиот жиг за жигосување за исечено дрво и дрвни сортименти, начинот на издавање на испратница, пуштање во промет на исечено дрво, формата и содржината на регистарот на издадени и заверени испратници, формата и содржината на испратниците, формата и содржината на барањето за издавање на испратници и висината на надоместокот за издадени испратници („Службен весник на Република Македонија“ бр.183/14, 141/15 и 126/17), во членот 11 во ставот (2) зборовите “Република Македонија” се заменуваат со зборовите “Република Северна Македонија”.

Член 2

Во членот 14 износот “100,00“ се заменува со износот “61,00“.

Член 3

Прилогот 1 се заменува со нов Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 47-5597/3
7 јуни 2019 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Николовски,** с.р.

**Прилог 1**

Република Северна Македонија

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

**РЕГИСТАР**

**НА ИЗДАДЕНИ И ЗАВЕРЕНИ ИСПРАТНИЦИ**

Датум ___.___.20__ година

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

**Р Е Г И С Т А Р**

*на издадени и заверени испратници во МЗШВ*

| Ред број | Сериски број на испратница (од-до) | Барател | ПРИМИЛ | | ПРЕДАЛ | | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Потпис | Датум | Потпис | Датум | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1 | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | |
| 8 | | | | | | | |
| 9 | | | | | | | |
| 10 | | | | | | | |
| 11 | | | | | | | |
| 12 | | | | | | | |
| 13 | | | | | | | |
| 14 | | | | | | | |
| 15 | | | | | | | |
| 16 | | | | | | | |
| 17 | | | | | | | |
| 18 | | | | | | | |
| 19 | | | | | | | |
| 20 | | | | | | | |
| 21 | | | | | | | |
| 22 | | | | | | | |
| 23 | | | | | | | |
| 24 | | | | | | | |
| 25 | | | | | | | |
| 26 | | | | | | | |
| 27 | | | | | | | |
| 28 | | | | | | | |
| 29 | | | | | | | |
| 30 | | | | | | | |

Број: _______________

Датум: ___.____.20___ година

ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ

(цело име и презиме)

(потпис)

**1608.**

Врз основа на член 6 став 2, член 8 став 11 и 12, член 15 став 2, член 16 став 3, член 17 став 3, член 18 став 5, член 27 став 3 и член 29 став 2 од Законот за семенски и саден материјал на земјоделски растенија ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/06, 89/08, 171/10, 53/11, 69/13, 187/13, 43/14, 129/15, 39/16, 71/16 и 83/18), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

**П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ТРГОВИЈА СО МАТЕРИЈАЛ ЗА ВЕГЕТАТИВНО РАЗМНОЖУВАЊЕ НА ВИНОВАТА ЛОЗА**

Член 1

Во Правилникот за трговија со материјал за вегетативно размножување на виновата лоза (*) ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 116/11 и 104/14) во членот 12 ставот (1) зборовите: „15 февруари“ се заменуваат со зборовите: „30 април“.

Член 2

Овој правилник влегува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 110 - 136/3 | Министер за земјоделство, |
| 29 мај 2019 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | **Љупчо Николовски,** с.р. |

# АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

**1609.**

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија” бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ НА ЖИВИ ЖИВОТНИ, ПРОИЗВОДИ И НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА ЊУКАСТЕЛСКА БОЛЕСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ПОТЕКЛО ОД СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ**

Член 1

Во Решението за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на Њукастелска болест во Република Македонија по потекло од Соединетите Американски Држави („Службен весник на Република Македонија“ бр. 189/18), во насловот зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Член 2

Во членот 1 ставот (1) се менува и гласи:

“(1) Со ова решение заради заштита од внесување на вирусот на Њукастелска болест се забранува увозот во Република Северна Македонија на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло кои потекнуваат од следните региони од Соединетите Американски Држави:

- Риверсајд/Riverside,
- Сан Бернардино/San Bernardino и
- Лос Анџелес/Los Angeles.“.

Во член 1 став (2) точка 3) алинеја 6, зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Член 3

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 02 – 1885/1 | Агенција за храна |
| 5 јуни 2019 година | и ветеринарство |
| Скопје | Директор, |
| | **Зоран Атанасов,** с.р. |

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1610.**

Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 16 и член 149 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 96/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/2019) и член 8 од Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт („Службен весник на РСМ“ бр. 103/2019), а имајќи ги во предвид Законот за акцизите („Службен весник на РМ“ бр. 32/2001...120/18), Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на РМ“ бр. 44/99...198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.98/2019), Законот за животната средина („Службен весник на РМ“ бр. 53/2005... 99/18) и Уредбата за начинот на утврдување, пресметување и уплатување на надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати што се плаќаат при увоз и/или производство на нафтени деривати („Службен весник на РМ“ бр.138/09...51/14), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 10.6.2019 година, донесе

**О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ МАЛОПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА НАФТЕНИТЕ ДЕРИВАТИ И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ**

Член 1

(1) Највисоките малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт, изнесуваат:

| | | |
|---|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | - | 66,50 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | - | 69,00 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | - | 60,00 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | - | 49,50 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | - | 33,851 (денари/килограм) |

(2) Трговците на големо и трговците на мало со нафтени деривати и горива за транспорт можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати и горива за транспорт и пониско од највисоките цени утврдени од точката А на став (1) од овој член.

(3) Највисоките малопродажни цени формирани согласно став (1) на овој член, освен цената за мазутот М-1 НС, важат франко пумпна станица, а цената на мазутот М-1 НС важи франко склад на трговец на големо со нафтени деривати и горива за транспорт во земјата.

(4) Во највисоките малопродажни цени формирани согласно овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот за данокот за додадена вредност.

Член 2

(1) Во највисоките малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт утврдени со членот 1 од оваа Одлука, содржани се и највисоките набавни цени, кои изнесуваат:

| | | |
|---|---|---|
| - Моторен бензин ЕУРОСУПЕР БС - 95 | - | 27,133 (денари/литар) |
| -Моторен бензин ЕУРОСУПЕР БС - 98 | - | 28,932 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | - | 28,437 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | - | 28,645 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | - | 26,597 (денари/килограм) |

Член 3

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа Одлука, содржан е и највисокиот надоместок за големопродажна маржа во износ од 1,20 денари/литар, односно 1,20 денари/килограм за мазутот М-1 НС.

Член 4

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа Одлука, содржан е надоместокот за највисока малопродажна маржа за Еуросупер БС-95, Еуросупер БС-98 и Еуродизел БС во износ од 4,60 денари/литар, односно во износ од 4,70 денари/литар за Екстра лесно 1 (ЕЛ-1), и вклучени транспортни трошоци од склад до бензински станици во износ од 0,75 денари/литар за сите нафтени деривати, со исклучок за мазутот М-1 НС.

Член 5

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа Одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина кои согласно Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| -Моторен бензин ЕУРОСУПЕР БС - 95 | - | 0,080 (денари/литар) |
| -Моторен бензин ЕУРОСУПЕР БС - 98 | - | 0,080 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | - | 0,030 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | - | 0,040 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | - | 0,050 (денари/килограм) |

Член 6

Во малопродажните цени утврдени со членот 1 од оваа Одлука содржан е надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати кои согласно Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон при увоз и/или производство на нафтени деривати и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| - Моторен бензин ЕУРОСУПЕР БС - 95 | - | 0,890 (денари/литар) |
| - Моторен бензин ЕУРОСУПЕР БС - 98 | - | 0,890 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | - | 0,300 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | - | 0,300 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | - | 0,740 (денари/килограм) |

Член 7

Во малопродажните цени утврдени со членот 1 од оваа одлука акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно Законот за акцизите, изнесуваат и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| - Моторен бензин ЕУРОСУПЕР БС - 95 | - | 21,703 (денари/литар) |
| - Моторен бензин ЕУРОСУПЕР БС - 98 | - | 22,023 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | - | 15,530 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | - | 6,314 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | - | 0,100 (денари/килограм) |

Член 9

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 00:01 часот на 11.06.2019 година и истата ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

Бр. 02-2239/1
10 јуни 2019 година
Скопје

Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

---

**1611.**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19) и член 31 став (3) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.51/19 и 54/19), а постапувајќи по Барањето за престанок на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со природен гас, УП1 бр.11-8/18 од 9 мај 2019 година на МАКСТИЛ Акционерско друштво за производство и трговија со производи за црна металургија Скопје, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 31 мај 2019 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА СО ПРИРОДЕН ГАС**

1. Лиценцата за вршење на енергетската дејност трговија со природен гас на МАКСТИЛ Акционерско друштво за производство и трговија со производи за црна металургија Скопје, издадена со Одлука УП1 бр.11-8/18 од 18 јули 2018 година („Службен весник на Република Македонија" бр.135/18) ПРЕСТАНУВА по барање на носителот.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

УП1 бр. 11-8/18
31 мај 2019 година
Скопје

Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

**1612.**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19) и член 31 став (3) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.51/19 и 54/19), а постапувајќи по Барањето за престанок на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија, УП1 бр.12-10/18 од 9 мај 2019 година на МАКСТИЛ Акционерско друштво за производство и трговија со производи за црна металургија Скопје, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 31 мај 2019 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Лиценцата за вршење на енергетската дејност трговија со електрична енергија на МАКСТИЛ Акционерско друштво за производство и трговија со производи за црна металургија Скопје, издадена со Одлука УП1 бр.12-10/18 од 28 март 2018 година („Службен весник на Република Македонија" бр.60/18) ПРЕСТАНУВА по барање на носителот.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

УП1 бр. 12-10/18
31 мај 2019 година
Скопје

Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

## ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

**1613.**

Врз основа на член 44, став 1 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18), Државниот завод за статистика го утврдува и објавува

**ДВИЖЕЊЕТО НА ИНДЕКСОТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА МЕСЕЦ МАЈ 2019 ГОДИНА**

Индексот на цените на мало во Република Северна Македонија во периодот јануари-мај 2019 година, во однос на просечните цени на мало во 2018 година, изнесува -0.1%.

Директор,
**Апостол Симовски**, с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2019 година изнесува 10.100 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.**

ISSN 0354-1622
2019117